| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Праисториски животни |
| **Содржина на денот** | Одот на диносаурусите |
| **Возраст** | 4 до 6 години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за хигиена на рацете и факторите кои може да го загрозат здравјето. |
| **Активност** | Поведете разговор со детето за видовите на диносауруси и класифицирајте ги според движењето - одот (слика 1, 2 и 3). Направете неколку вежби за раздвижување (слика 4) и потоа покажете му ја на детето сликичката од диносаурусот, а тоа ќе треба да го изведе неговото движење. Во текот на движењето на детето појаснувајте му ги движењата како на пример, бавни чекори, одење со тешки чекори, потскокнување, брзо одење - трчање, летање - мавтање со рацете и др. ( слика 5, 6 и 7). На крај од активноста вклучете се и Вие со имитативните движења и играјте со детето во светот на диносаурусите. Пуштете му на интернет некој филм со диносауруси и потикнете го истите да ги нацрта и обои (слика 8). |